Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

**Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка**
**Одделение за медиа и мултимедијална поддршка**

# ОБРАЌАЊЕ НА МИНИСТЕРКАТА СЛАВЈАНКА ПЕТРОВСКА НА ДЕНОТ ЗА ВИСОКИ ГОСТИ НА ВЕЖБАТА „БЛЕСОК 22“

Понеделник, 11 април 2022, „Криволак“

Почитуван Претседател на Владата,
почитуван началник на Генералштабот,
почитуван потпретседател на Собранието
почитувани присутни,

Тука пред нас, ја видовме нашата НАТО армија. Видовме дека способностите на Армијата не се само реченица во говор, не се само зборови на хартија. Армијата на Северна Македонија на дело покажа дека е способна и мотивирана. Дека функционира според највисоките НАТО стандарди!

Ова е голем успех за Армијата на кој сум особено горда!

Не беше лесно, немаше ни многу време, но професионалноста и посветеноста на нашата Армија денеска доби уште еден печат - нашиот Лесен пешадиски баталјон е оценет како „борбено способен за извршување на својата мисија“ според најстрогите НАТО стандарди под мониторинг на искусни набљудувачи од НАТО – Алијансата. 85 проценти од домашните оценувачи се сертифицирани согласно највисоките стандарди на Алијансата, што драстично го надминува НАТО стандардот од 50 проценти сертифицирани домашни набљудувачи. Ова покажува дека Армијата постојано се развивала, ги градела своите капацитети, вложувала во своите професионалци.

Им честитам на припадниците на Лесниот пешадиски баталјон за извонредно завршената задача, им честитам и на оценувачите кои предизвикаа восхит кај главниот набљудувач од НАТО, потполковникот Тино Колман.

Тој пред да замине од Криволак рече дека е длабоко импресиониран од посветеноста и професионалноста на тимот за оценување, а тие зборови треба да се заслужат!

**Дозволете ми да им се заблагодарам и на нашите сојузници од Соединетите американски држави и Обединетото кралство кои многу помогнаа лешниот пешадиски батаљон да се стекне со вакви перформанси и да добие вакви високи оценки.**

Почитувани присутни,
Лесниот пешадиски баталјон е првата поголема единица која беше оценувана според стандардите за оценување на борбена подготвеност на НАТО, по членството на државата во Алијансата. Можеме да одиме со исправена глава, зашто покажавме дека сме на одличен пат да ги исполниме сите зацртани НАТО цели на способности. Над 1.100 армиски припадници во периодот од 3 април до денеска изведоа 60- тина вежбовни активности и за секој од нив беа успешно оценети. Покажаа дека се способни и подготвени за извршување на комплексни и сложени борбени задачи, на терен кој е уникатен, единствен во овој дел на Европа.

„Криволак" е навистина еден исклучителен капацитет во кој вложуваме и време и енергија и средства. Но, ги вложуваме со план и со цел – за да имаме капацитет кој ќе овозможи нашите припадници да ги усовршуваат своите вештини и знаења чиј резултат сите заедно го видовме денеска, пред нашите очи.

Политичките пораки дека сме подготвени и дека придонесуваме кон колективната одбрана денеска се потврдени со пораките од теренот кои јасно покажуваат дека нашата Армија работи по највисоките НАТО стандарди. Успехот кој денеска пред нас го демонстрираа припадниците на Армијата е достоен за највисока почит.

Дозволете ми да потсетам дека верував во овој успех бидејќи знам со каква дисциплина и посветеност работи секој припадник на Армијата на Северна Македонија.

На Денот на Првата пешадиска бригада, чиј составен дел се и припадниците на Лесниот пешадиски баталјон кои беа оценувани на оваа вежба, јас реков дека сум убедена дека ќе добијат висока оценка според стандардите за оценување на борбена подготвеност на НАТО. Така и се случи. Припадниците на Лесниот пешадиски баталјон уште еднаш докажаа дека ја заслужуваат довербата и дека можат да ја претставаат својата држава пред сојузниците во најдобро светло.

Тие навистина ја оправдаа мојата доверба. Го потврдија и мислењето на сојузниците, дека се вистински професионалци, прави воини.
И не само тоа – ме задолжија мене како министер и Владата да продолжиме со инвестициите за развој на Армијата и нејзините капацитети. Веќе исполнивме: над 30% од одбранбениот Буџет е наменет за инвестиции во одбраната и за модернизација. Тоа се средства за нашата Армија, нашиот војник, средства за подобри услови во касарните, нова и најсофистицирана опрема, средства за уште повеќе вежби и обуки.

Нашите припадници тоа го заслужуваат!
Уште еднаш честитки и нека Ви се множат!

Ви благодарам.